Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

# ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛЕН КОНСУЛТАНТ ГЛАВЕН КООРДИНАТОР ВО ПРОЕКТНА ЕДИНИЦА (бр. MK-MOF-006-2025-CS-INDV)

**Министерство за финансии**
**Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор - ПСЕЕП**
**Заем бр.: 9038-МК**
**Идентификациски број на проектот: P149990**
**Консултантски услуги- Индивидуален консултант**

Владата на Република Северна Македонија доби заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за имплементација на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Развојните цели на проектот се: (i) намалување на потрошувачката на енергија во јавниот сектор; и (ii) поддршка на развојот и спроведувањето на одржлив механизам за финансирање на енергетската ефикасност во јавниот сектор. Проектот има за цел да ги постигне овие цели преку овозможување инвестиции во згради во општинска и (централна) власт и употреба на обновливи извори на енергија. Во согласност со условите од договорот има намера дел од средствата да ги насочи за исплата на обврските што ќе произлезат од договор за ангажирање на консултант – Главен координатор во проектната единица.

Консултантските услуги вклучуваат следење на имплементацијата на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор и секојдневното управување со активностите на проектот, согласно склучениот Договорот за заем. Описот на работни задачи на англиски јазик е достапен на ЕСЈН на https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/international-donor-announcements и на веб страната на Министерството за финансии на следниот линк: https://finance.gov.mk/proekt_za_energetska_efikasnost/ .

Министерството за финансии ги поканува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи (биографија на македонски и/или англиски јазик и други информации/документи) со кои ќе се потврди дека ги исполнуваат следните квалификации и искуство за извршување на консултантските услуги:

- Универзитетска диплома од дипломски или постдипломски студии од областа на економија, бизнис администрација, градежен или машински факултет или јавна администрација;
- Најмалку 15 години работно искуство во државен сектор и/или други институции од јавниот сектор, меѓународни организации и/или приватен сектор;
- Најмалку 5 години работно искуство како проект/програмски менаџер или директор;


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

- Добро познавање на македонските државни институции како на централно така и на локално ниво и добро разбирање на законските регулативи и системи на централно ниво;
- Претходно искуство во спроведување на проекти за енергетска ефикасност ќе се смета за предност;
- Претходно искуство во спроведување на проекти на Светска банка ќе се смета за предност;
- Добри комуникациски и социјални вештини;
- Течно користење на македонски и англиски јазик

Изборот ќе се врши врз основа на постапка за набавка за избор на консултантски услуги на Светска банка со примена на методот Selection of Individual Consultants - Избор на индивидуален консултант" согласно "Правилникот за набавки на Светска банка за заемопримачи за финансирање инвестициски проекти, Набавки за финансирање инвестициски проекти, стоки, работи, неконсултантски и консултантски услуги од јули 2016 година, ревидирани во ноември 2017 и август 2018 година (Правилник за набавки).

Дополнителни информации можат да се добијат на адресата којашто е наведена подолу во текот на работното време од 8:30-16:30 часот, од понеделник до петок.

Документите со кои се изразува интерес (биографија на македонски и/или англиски јазик и други информации/документи) треба да се доставаат (лично преку писарницата на Министерство за финансии, по пошта, или на e-mail) најдоцна до **25 Март 2025 година, до 16:00 часот**.

Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор
Ул. Даме Груев, бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

До г-а Татјана Величковиќ, ПСЕЕП-ЕИП
Тел/факс: + 389 23255484
tatjana.velichkovik@finance.gov.mk